Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506/56/2
18.10.2024, Скопје

U.S. Embassy Skopje

За потребите на проектот „Младите против врсничкото насилство", финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Амбасадата на САД во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-50/1 од 18.09.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 3/2024

за ангажирање на фасилитатор (психолог) за водење на обуки и работилници

I. НАСЛОВ НА ПРОГРАМАТА

„Младите против врсничкото насилство"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Број на предвидени работни денови: 22
Почеток на договорот: 30.10.2024
Крај на договорот: 30.09.2025

III. ПОЗАДИНА

„Младите против врсничкото насилство" е проект чија што цел е да се намали врсничкото насилство меѓу младите. Во рамките на проектот, предвидени се две специфични цели и тоа:

1. да се намалат инцидентите на врсничко насилство меѓу младите во таргетирани средини особено во оние каде е присутно врсничко насилство на етничка основа и
2. да се зголеми свеста помеѓу родителите и наставниците за важноста за спречување на врсничко насилство.

Проектот „Младите против врсничкото насилство" е финансиран од Амбасадата на САД во Скопје и реализиран од страна на Институтот за човекови права.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е фасилитирање на обуки за ученици и работилници за родители, наставен и стручен кадар во избраните училишта.

Задачи и обврски:

Во координација со Програмскиот координатор и тимот на ИЧП, фасилитаторот (психолог) заедно со уште тројца фасилитатори (јавни обвинители кои работат на предмети поврзани со малолетничка деликвенција и претставник од ИЧП) ќе треба да спроведе:

- 9 (девет) обуки со ученици од основно училиште (деветто одделение) и со ученици од средно училиште (прва година) како и 9 работилници со родители, наставен и стручен кадар од избраните училишта од кои:
  - 6 (шест) обуки ќе бидат спроведени во основни и средни училишта на територијата на Град Скопје и и 6 обуки со родители, наставен и стручен кадар во избраните училишта
  - 3 мешани обуки со ученици од основни и средни училишта во Гостивар, Штип и Битола и 3 работилници со родители, наставен и стручен кадар од наведените училишта

V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализирање на секоја обука, односно работилница.

VI. ЛОГИСТИКА

Фасилитаторот (психолог) ќе работи во координација и под директен надзор на програмскиот координатор и со другите фасилитатори во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Материјалните и другите права на фасилитаторот за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото) со јасно наведување на авторството.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Временската рамка за реализација на услугата треба да се испорача во период 30 октомври 2024 до 30 септември 2025.

Програмскиот тим на Институтот за човекови права, во рамки на предвидената временска рамка, ќе се договори со фасилитаторот за точниот датум на одржување на обуките и работилниците. Детална временска рамка ќе биде дополнително креирана во договор со другите фасилитатори и училиштата каде ќе се одржуваат обуките и работилниците.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде во Скопје, Гостивар, Битола и Штип. Службени патувања се предвидени согласно проектните активности освен на територијата на Град Скопје и во горенаведените градови.

IX. ВЕШТИНИ

- Искуство во работа на случаи поврзани врсничко насилство и
- Искуство во работа со малолетници, предност ќе се смета искуството во држење на обуки и слични активности со малолетници, родители, наставен и стручен кадар.
- Добра организација на времето и исполнување на поставениот рок.

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ФАСИЛИТАТОРОТ (ПСИХОЛОГ)

Образование

- Минимум завршени студии од втор циклус на високо образование во област на психологијата (300 ЕКТС) или со завршено четиригодишно високо образование на Филозофски факултет (т.н. „стара програма" или 240 ЕКТС).

Искуство

- Најмалку 5 години искуство во областа.
- Предност ќе се смета искуството во држење на обуки или слични активности поврзани со врсничко насилство.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на фасилитатор (психолог) ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со фасилитаторот чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 42 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	**Максимум поени 60**
Образование Студии по психологија	30
Искуство во областа. 5 години = 10 поени 5-10 години = 25 поени Повеќе од 10 години = 30 поени	30

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство; и
- Финансиска понуда во следниот формат:

Проектна задача 3/2024	**Цена во бруто износ (МКД)**
Еден експертски ден	

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје